**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# СТАНДАРДИЗАЦИЈА И КОНТРОЛА НА ЦВЕЌЕ

**III ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Техничар за хортикултура***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** СТАНДАРДИЗАЦИЈА И КОНТРОЛА НА ЦВЕЌЕ

### 1.2. Образовен профил и струка

1.2.1. Образовен профил: техничар за хортикултура

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

### 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

### 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Трета

### 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

### 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***стандардизација и контрола на цвеќе*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ги познава физиолошките и биохемиските промени на зеленчукот и цвеќето после берба;
- да ги толкува одредбите за стандардизација и контрола на квалитетот на зеленчукот и цвеќето;
- да ги опишува условите за складирање на зеленчукот и цвеќето;
- да ги познава одредбите од Правилникот за свежи земјоделски производи;
- да ги познава одредбите за ставање на зеленчукот и цвеќето во промет;
- да ја објаснува подготовката на зеленчукот и цвеќето за пазар;
- да развива чувство на одговорност.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните содржини, односно за постигнување на поставените цели по предметот ***стандардизација и контрола на цвеќе*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: биологија, хемија, ботаника со систематика, педологија, методи на размножување и селекција, земјоделска техника и практична настава од втора година, како и од предметот основи на земјоделие со ветеринарство од прва година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПРОМЕНИ КАЈ ЗЕЛЕНЧУК И ЦВЕЌЕ ПОСЛЕ БЕРБА** | **8** | ***Ученикот:***<br>- да го сфаќа значењето на начинот на манипулација со зеленчукот и цвеќето после берба;<br>- да ги познава физиолошките и биохемиски процеси во зеленчукот и цвеќето после берба;<br>- да го објаснува влијанието на физиолошките промени врз стопанската вредност на зеленчукот и цвеќето;<br>- да го толкува влијанието на факторите пред берба и процесите после берба на зеленчукот и цвеќето;<br>- да набројува берби (според временски периоди) на зеленчукот и цвеќето. | - Објаснување за значење на манипулацијата со зеленчукот и цвеќето после берба;<br>- презентрирање на биохемиски промени во зеленчукот и цвеќето после берба;<br>- запознавање со физиолошки пореметувања кај зеленчукот и цвеќето после берба;<br>- користење на свежи материјали од зеленчук и цвеќе. | - Методи на размножување и селекција<br>- Производство на цвеќе во заштитени простори<br>- Цвеќарство на отворено<br>- Земјоделска техника |
| **2. ОДРЕДБИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЗЕЛЕНЧУК И ЦВЕЌЕ** | **12** | - Да ги познава законските одредби за примена на комерцијалната стандардизација и контрола на квалитетот на зеленчукот и цвеќето; | - Презентирање на законска регулатива за стандардизацијата и контролата на | - Методи на размножување и селекција<br>- Производство на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги толкува законските одредби за толеранција во однос на квалитетот на зеленчукот и цвеќето;<br>- да ги разбира одредбите кои се однесуваат на пакувањето и обележувањето;<br>- да ја објаснува употребата на контролниот документ. | зеленчукот и цвеќето;<br>- објаснување употреба на контролен документ за квалитетот на зеленчукот и цвеќето. | цвеќе во заштитени простори<br>- Цвеќарство на отворено<br>- Земјоделска техника |
| **3. СТАНДАРДИ ЗА СВЕЖ ЗЕЛЕНЧУК И ЦВЕЌЕ** | **12** | - Да ги познава одредбите од Правилникот за свежи земјоделски производи за одредени култури: лубеници, дињи, тикви, кељ, алабаш, цвекло, геревиз, магдонос, пашканат, праз, боранија, шпаргла, морзков, репа, рен, кромид, зелка, карфиол, салата, спанаќ, домати, слатки пиперки, патлиџан, краставици, тиквички, лубеница, грашок и печурки. | - Објаснување за супстратна и водена култивација кај градинарско - цвеќарски видови;<br>- презентирање на Правилникот за свежи земјоделски производи за одредени култури;<br>- менторирање на проектни задачи. | - Методи на размножување и селекција<br>- Производство на цвеќе во заштитени простори<br>- Цвеќарство на отворено<br>- Земјоделска техника |
| **4. СКЛАДИРАЊЕ НА ЗЕЛЕНЧУК И ЦВЕЌЕ** | **32** | - Да го сфаќа значењето на правилното складирање на зеленчукот и цвеќето;<br>- да го објаснува продолжувањето на рокот на употреба на зеленчукот и цвеќето;<br>- да го разбира влијанието на надворешните фактори врз трајноста на зеленчукот и цвеќето;<br>- да разликува чување на зеленчук во | - Објаснување за влијанието на надворешните фактори врз трајноста на зеленчукот и цвеќето;<br>- презентирање на алат, прибор и материјал за складирањето на зеленчукот и цвеќето;<br>- објаснување за хемиско | - Методи на размножување и селекција<br>- Производство на цвеќе во заштитени простори<br>- Цвеќарство на отворено<br>- Земјоделска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | трапови, подруми, ладилници;<br>- да ги познава санитарно-хигиенските мерки за спречување на развиток на микроорганизми;<br>- да го објаснува хемиското третирање и фумигацијата на просторот за складирање и складираните производи;<br>- да го објаснува за нанесувањето на восокот на зеленчукот;<br>- да ја познава употребата на гама зраците заради забавување на процесот на распаѓање на складираните производи;<br>- да го објаснува протективното (заштитно) пакување;<br>- да опшува складишта со контролирана и модифицирана атмосфера;<br>- да го познава ефектот од ладно складирање на зеленчукот и цвеќето;<br>- да опишува складирање на коренови видови, лукови видови, листостеблени, плодови зеленчуци, меункасти зеленчуци како и многугодишни видови. | третирање и фумигација на просторот за складирање и на складираните производи;<br>- презентирање на постапките за складирање со контролирана и модифицирана атмосфера;<br>- организирање посета на простории за складирање (трапови, подруми, ладилници) на зеленчук и цвеќе;<br>- давање напатствија за изработка на проектна задача. | техника |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. ПОДГОТОВКА НА ЗЕЛЕНЧУКОТ И ЦВЕЌЕТО ЗА ПАЗАР** | **8** | - Да ја сфаќа важноста од соодветна подготовка на зеленчук и цвеќе за пазарот;<br>- да ги познава законските одредби за ставање на зеленчукот и цвеќето во промет/трговија;<br>- да го објаснува сортирањето на зеленчук и цвеќе;<br>- да определува соодветна амбалажа за пакување на зеленчук и цвеќе;<br>- да ги толкува ознаките на амбалажата за пакување на зеленчук и цвеќе;<br>- да ја сфаќа важноста на добро оранизиран транспорт на зеленчук и цвеќе. | - Демонстрирање на подготовка на зеленчук и цвеќе за пазар;<br>- објаснување за изведување на постапките за сортирање на зеленчук и цвеќе;<br>- презентирање на примероци од амбалажа за зеленчук и цвеќе;<br>- толкување на ознаките на амбалажата за пакување на зеленчук и цвеќе. | - Производство на цвеќе во заштитени простори<br>- Цвеќарство на отворено<br>- Земјоделска техника |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските цели по предметот ***стандардизација и контрола на цвеќе*** се реализираат преку предавања, демонстрации и вежби на практични операции и работни задачи. При реализацијата се применуваат разновидни наставни методи и форми: покажување, објаснување, опишување, дискусија, практична работа и работа во групи, парови и индивидуално.

Активности на ученикот са: активно следи, перципира, критички согледува и креативно размислува, дискутира, графички презентира, естетски вреднува, тимски соработува, и создава навики за континуирано следење на трендовите во обласа на мебелот во идното практикување на предметот.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира својата воспитно-образовна работа, а притоа преку усни излагања, објаснувања, демонстрирања, проверувања и оценувања на постигањата на учениците, ги остварува целите на овој предмет со што ги поттикнува учениците на когнитивно, психомоторно и афективно однесување.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***стандардизација и контрола на цвеќе*** се остварува преку стручно-теоретски предавања кои ќе се реализираат во училници и кабинети. Покрај теоретските предавања треба да се изведуваат и вежби, практични операции и работни задачи во рамките на училишните економии или, пак, соодветни објекти за складирање и чување на зеленчук и цвеќе, како што се трапови, подруми, ладилници и трговски друштва што се занимаваат со промет на зеленчук и цвеќе . Притоа, потребно е реализирањето на наставата да се остварува и преку блок часови за вежби со учениците во групи, парови или индивидуално.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес треба да се користат разновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, декоративни енциклопедии, слајдови, филмови, Интернет материјали, телевизиски снимки, замјоделска техника, градинарски производи (во свежа и сушена состојба), хербариуми и заштитни средства што се користат во објекти за складирање и чување на зелнчук и цвеќе.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Ќе се изготвува листа на критериуми за соодветни стратегии, за која учениците однапред ќе бидат информирани, па според вложувањето и усвојувањето на знаењата учениците соодветно ќе се оценуваат. Оценувањето на учениците се врши согласно законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал содоветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***стандардизација и контрола на цвеќе*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство*** (градинарско-цвеќарска или општа насока).

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

## 6.3.Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат по овој предмет, наставата треба да се реализира во училница, кабинет и лабораторија, во училишната економија и во просториите во нејзините придружни објекти, магацини, ладилници и складишта за зеленчук и цвеќе. Наставниот простор треба да биде опремен соодветно нормативот за наставен простор и опрема за земјоделско-ветеринарната струка.

# 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2007 година

**7.2. Состав на работната група**

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Ѓорѓи Мартиновски, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Снежана Давчевска, наставник во СУГС „Браќа Миладиновци” - Скопје
4. Татјана Секулоска, АД „Семенарство” - Скопје

# 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2007 година

# 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***стандардизација и контрола на цвеќе*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4631/7*** од ***21.06. 2007*** година.